medicare

# Како да го започнете разговорот со вашиот доктор за рецептите за лекови за 60 дена



## Програмата за фармацевтски бенефиции (PBS) и рецептите за лекови за 60 дена



Програмата за фармацевтски бенефиции (Pharmaceutical Benefits Scheme - PBS) е програма на австралиската влада со која се субвенционираат трошоците за повеќе од 900 лекови што се издаваат на рецепт и помага основните лекови да бидат поевтини. Ова значително влијае на намалување на трошоците за вашата здравствена заштита.




## Што се рецепти за лекови за 60 дена?

Речиси 300 PBS лекови се достапни на рецепти за 60 дена. Ако имате стабилна, хронична здравствена состојба, би можеле да добиете резерви од вашиот лек за 60 дена на еден рецепт. Придобивките вклучуваат:

- Помалку посети на аптека.
- Заштеда на време и пари.

**Овој водич е тука за да ви помогне со практични совети и упатства за разговор, за да можете со самодоверба да разговарате со вашиот доктор за рецептите за лекови за 60 дена. Ајде да го разгледаме заедно.**

Australian Government
Department of Health and Aged Care

PBS
The Pharmaceutical Benefits Scheme

# Како да го започнете разговорот со вашиот доктор

Разговорот за рецепти може да изгледа застрашувачки, но не мора да биде. Вашиот доктор е тука да ви помогне. Со поставување на соодветни прашања и разгледување на опции, како што се рецепти за лекови за 60 дена, можете да преземете контрола врз вашата здравствена заштита и да донесувате информирани одлуки.

Започнете го разговорот денес за да ги искористите придобивките од поевтини и подостапни лекови.

Следуваат неколку совети кои ќе ви помогнат да го започнете овој разговор при вашиот следен редовен преглед:

- **Прашајте го вашиот доктор** за рецептите за лекови за 60 дена и разговарајте како тие би можеле да ви користат.
- **Подгответе ги вашите прашања** однапред. Размислете да прашате за исполнувањето на услови, опциите за генерички лекови или како Заштитната мрежа на PBS (PBS Safety Net) се применува за вас.
- **Понесете со себе листа на вашите тековни лекови** за да му помогнете на вашиот доктор или аптекар ефикасно да го прегледа вашиот план за лекување.

> Можеме ли да разговараме за тоа како моите лекови можат да бидат поевтини?

> Дали лековите што ми се потребни се достапни на рецепт за 60 дена и дали ги исполнувам условите за тоа?



> Дали овој лек што ми го препишувате е достапен на рецепт за 60 дена?

> За овој лек добивам рецепт за 60 дена. Дали можам да продолжам да го добивам рецептот за 60 дена?

## Клучни теми на разговор

### 1. Рецепти за лекови за 60 дена

Многу лекови се достапни на рецепти за 60 дена. Прашајте го вашиот доктор дали вашиот лек се наоѓа на листата.

**Придобивки од рецептите за лекови за 60 дена:**

- Помалку посети на аптека.
- Намалени трошоци со текот на времето.

**Совет:** Ако добивате рецепти за лекови за 60 дена, внимателно потсетете го вашиот доктор да продолжи да ви ги препишува.

### 2. Програма за фармацевтски бенефиции (PBS)

PBS помага да се намалат трошоците за лекови. Прашајте го вашиот доктор дали има поевтини алтернативи, како што се генеричките лекови.



> Дали постои генеричка верзија на овој лек на листата на лекови на PBS?

# Разговарајте со вашиот аптекар за други начини да заштедите на вашите лекови

## 3. Заштитна мрежа на PBS

Откако вие или вашето семејство ќе потрошите 1.694,00 долари на PBS лекови во една календарска година, можеби ќе ги исполнувате условите да ја користите Заштитната мрежа на PBS, што дополнително ги намалува трошоците. За сопствениците на картички за попусти, минималниот утврден износ изнесува  277,20 долари за 2025 година.

Колку сум блиску до достигнувањето на минималниот износ утврден со Заштитната мрежа на PBS оваа година?

Имам картичка за попусти и веќе добивам поевтини лекови. Дали сепак ќе заштедам пари со рецепт за лекови за 60 дена?

Како можам да поднесам барање за картичка за користење на Заштитната мрежа на PBS?

Дали постои генеричка верзија на овој лек?



За повеќе поединости, посетете ја веб-страницата servicesaustralia.gov.au/pbs-safety-net-thresholds.

## 4. Генерички лекови

Генеричките лекови се исто толку ефикасни како и лековите со заштитено име, но често се многу поевтини.

# Надминување на пречките при разговор

Не сте сигурни како да започнете? Следуваат неколку идеи:

Дали постојат начини да ги намалам трошоците за лекови?

Слушнав за рецептите за лекови за 60 дена и сакам да знам дали ги исполнувам условите.



Дали можете да ми помогнете да разберам што е Заштитна мрежа на PBS и како таа ќе ми користи?

Дали мислите дека рецептите за лекови за 60 дена би биле соодветни за мене?



# Следни чекори

1. **Закажете термин со вашиот доктор.** Прегледајте ги вашите лекови и разговарајте за рецептите за лекови за 60 дена.
2. **Проверете дали ги исполнувате условите.** За да дознаете повеќе, посетете ја веб-страницата health.gov.au/cheapermedicines.
3. **Разговарајте со вашиот аптекар.** Тој е одличен извор на информации како да ракувате со вашите лекови. Тој исто така може да ви помогне да ги разберете вашите трошоци и Заштитната мрежа на PBS.

# Пристап до повеќејазични материјали

Дали знаевте дека материјали за PBS и рецептите за лекови за 60 дена се достапни на повеќе јазици? Вашиот доктор или аптекар може да ви ги обезбеди овие материјали за да ви помогне подобро да ги разберете вашите опции.

За повеќе информации, посетете ја веб-страницата health.gov.au/cheapermedicines/translated.











**За повеќе информации, посетете ја веб-страницата:**

health.gov.au/cheapermedicines

**За материјали на македонски јазик, посетете ја веб-страницата:**

health.gov.au/cheapermedicines/translated

Australian Government
Department of Health and Aged Care

PBS
The Pharmaceutical Benefits Scheme